# ПРОГРАМИ НА ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ 2024-2028

**Вовед:**

Документот за програми на Гласен Текстилец опфаќа разработување на активностите предвидени во специфичните цели од приоритетните области од Стратегијата на Гласен Текстилец 2024-2028.

**Програми:**

I. **Стратешко застапување –** Овие активности се насочени кон зајакнување на работничките права и унапредување на синдикалното организирање во текстилната, кожарската и чевларската индустрија, како и во други потценети сектори. Преку учество во креирање на закони, подзаконски акти и колективни договори, како и преку иницирање соработка со институции и локални власти, се гради системски пристап кон подобрување на условите за труд. Активностите истовремено овозможуваат поактивно вклучување на работниците во социјалниот дијалог и креирање политики што ги засегаат. Воспоставувањето структури за застапување, правна поддршка и јавен притисок се клучни алатки за долгорочна промена.

**Специфичната цел 1: Учество во социјалниот дијалог**

1. Учество во работната група за изработка на Законот за работни односи
   Конкретни под-активности:

- Идентификување и номинирање на претставници на „Гласен Текстилец“ во работната група.
- Подготовка на анализи и предлози засновани на случаи од пракса (од работнички пријави, правни анализи и сл.).
- Организирање консултативни средби со членови и други синдикати за формулирање заеднички ставови.
- Поднесување предлози и амандмани до работната група.
- Следење на нацрт-верзиите и јавните расправи и објавување на ставови преку медиуми и социјални мрежи.

2. Учество во работната група за изработка на Законот за заштита од вознемирување на работно место

- Прибирање на податоци и сведоштва за психосоцијално и сексуално вознемирување на работното место од целни групи.
- Анализа на добри практики од ЕУ и регионот (Словенија, Хрватска, Бугарија).

- Изработка на предлог-одредби за дефиниции, постапки и обврски на работодавачите.
- Учество на состаноци на работната група со стручни лица за труд и ментално здравје.
- Информативна кампања за подигање на свеста за потребата од законска заштита.

3. Застапување за донесување Закон за колективно преговарање и синдикално организирање

- Иницирање и упатување формално барање до МТСП и Собранието за отпочнување на процесот.
- Организирање средби со пратеници, експерти и синдикати за градење поддршка.
- Изработка на работна верзија на закон со експерти.
- Мобилизација на членството за јавно застапување (петиции, јавни настани, медиумска промоција).
- Поднесување иницијатива до надлежна комисија во Собрание.

4. Учество во процеси на усогласување на домашната легислатива со правото на ЕУ и меѓународните договори

- Идентификација на клучните директиви и конвенции (на пр. ILO Конвенција 190, Директива за транспарентни и предвидливи работни услови).
- Воспоставување соработка со Министерството за европски прашања и Делегацијата на ЕУ.
- Изработка на паралелни извештаи (shadow reports) за усогласеност на домашните закони.
- Учество на јавни консултации и национални форуми за усогласување на легислативата.
- Обука на активисти за правото на ЕУ во трудовиот сектор.

5. Учество во изработка на политики и подзаконски акти за унапредување и заштита на правата на работниците

- Следење на иницијативи за нови подзаконски акти (на пр. правилници за минимални услови за труд, здравје и безбедност).
- Поднесување на конкретни предлози и решенија засновани на теренски искуства.
- Вклучување во јавни расправи и работилници организирани од Владата или меѓународни организации.

- Обезбедување техничка помош на институциите при формулирање на нови решенија.
- Промоција на нови мерки и политики преку локални и национални медиуми за зголемување на јавната поддршка.

**Специфична цел 2 – Синдикално организирање и соработка**

1. Основање синдикални организации во текстилната, чевларската и кожарската индустрија

- Идентификување фабрики/претпријатија со критична маса за синдикално организирање.
- Организирање доверливи средби со работници и работнички.
- Правна поддршка и информирање за правата и постапката за формирање синдикат.
- Обезбедување логистичка поддршка за основачки состаноци и избор на раководство.
- Регистрација на синдикалните организации во надлежните институции.

2. Основање синдикални организации во останатите гранки и индустрии

- Истражување на индустрии со ниско ниво на синдикализација (угостителство, трговија, услужни дејности).
- Мапирање на заинтересирани групи и индивидуалци во тие сектори. Кампањи за подигање на свеста и информирање за синдикалните права
- Создавање пилот-синдикати и обезбедување правна и техничка поддршка.
- Вмрежување на новите синдикати во пошироки синдикални мрежи.

3. Обука на синдикални претставници за застапување

- Дизајн на програма за обука: теми како застапување, колективно договарање, права, лидерство.
- Ангажирање обучувачи (од домашни и меѓународни синдикати, правници, активисти).
- Организирање 3-4 регионални обуки годишно.
- Изработка и дистрибуција на прирачници за синдикално застапување.
- Следење и менторство на обучените претставници на терен.

4. Формирање грански репрезентативен синдикат на работниците од чевларската, кожарската и текстилната индустрија

- Формална иницијатива за поврзување на постоечките синдикати во грански сојуз.

- Изработка на статут и организациски структури на гранскиот синдикат.
- Одржување конгрес или основачко собрание.
- Регистрација на гранскиот синдикат согласно законската процедура.
- Воспоставување постојан секретаријат/канцеларија за координација.

5. Учество на гранскиот синдикат во изработка на колективни грански договори

- Формирање преговарачки тим од синдикалци и правни експерти.
- Подготовка на барања базирани на теренска анализа и состојбата на работниците.
- Водење преговори со здруженија на работодавачи во секторот.
- Организирање консултации со членството за усогласување на ставовите. Потпишување и промоција на новиот грански договор.

6. Учество на гранскиот синдикат во изработка на Општиот колективен договор за стопанството на РСМ

- Вклучување во националното тело/работна група за колективниот договор.
- Доставување синдикални ставови и предлози.
- Учество во преговори со другите грански синдикати и организации на работодавачи.
- Промовирање на синдикалните позиции во медиумите.
- Следење на имплементацијата по потпишување на договорот.

7. Соработка со репрезентативни синдикати и организации на работодавачи

- Потпишување меморандуми за разбирање и заедничка акција.
- Организирање заеднички работилници, јавни настани и кампањи.
- Учество во меѓусиндикални коалиции за застапување и законски реформи.
- Размена на информации и ресурси (прирачници, правна помош).
- Вклучување во трипартитни форуми и иницијативи.

**Специфична цел 3 – Застапување на локално ниво и друга соработка**

1. Креирање на локален економско-социјален совет

- Иницирање на дијалог со локалната самоуправа за формирање на советот.
- Идентификување и ангажирање на релевантни чинители (работодавачи, синдикати, НВО).
- Изработка на предлог-статут и правила на работа на советот.
- Организирање на основачка седница и официјално формирање на советот.

2. Состаноци за јакнење на капацитетите на локалниот економско-социјален совет

- Организирање на обуки за членовите на советот за улогата и функциите на економско-социјалните совети.
- Размена на искуства со други општини кои имаат функционални совети.
- Разработка на план за работа и приоритетни области на делување.
- Следење и евалуација на активностите на советот за подобрување на неговата ефективност.

3. Состаноци со работодавачи

- Организирање на тематски состаноци за идентификување на предизвиците во работните односи.
- Презентација на добри практики за подобрување на работните услови.
- Поттикнување на соработка помеѓу работодавачите и синдикатите.
- Размена на информации за законски обврски и новини во трудовото законодавство

4. Состаноци со Општина Штип и останати единици на локална самоуправа:

- Редовни координациски состаноци за следење на состојбата со работничките права.
- Иницирање на заеднички проекти за подобрување на условите за работа.
- Размена на информации за потребите и проблемите на работниците во општината.
- Вклучување на општинските структури во активности за поддршка на синдикалното организирање.

5. Соработка и брифинг средби со Државниот инспекторат за труд:

- Организирање на редовни средби за размена на информации за прекршувања на работничките права.
- Поднесување на заеднички извештаи и препораки за подобрување на инспекцискиот надзор.
- Вклучување на инспекторатот во обуки и кампањи за подигање на свеста.
- Размена на податоци за трендовите во прекршувањето на трудовите права.

6. Соработка и брифинг средби со Државниот санитарен и здравствен инспекторат:

- Иницирање на заеднички инспекции во ризични сектори.
- Размена на информации за здравствените ризици на работните места. Ж

- Организирање на обуки за работниците за заштита на здравјето на работното место.
- Подготовка на заеднички препораки за подобрување на здравствените услови.

7. Соработка и брифинг средби со Управата за јавни приходи:

- Размена на информации за непријавена работа и даночни измами.
- Организирање на информативни сесии за работниците за нивните даночни обврски и права.
- Вклучување на Управата во кампањи за подигање на свеста за формалната економија.
- Подготовка на заеднички анализи за влијанието на сивата економија врз работничките права.

8. Соработка и заеднички иницијативи со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за спречување и заштита на родово-базирана дискриминација на работно место:

- Организирање на обуки за работниците за препознавање и пријавување на дискриминација.
- Подготовка на прирачници и информативни материјали за родова еднаквост на работното место.
- Вклучување на Комисијата во истражувања за состојбата со дискриминацијата.
- Иницирање на заеднички кампањи за подигање на свеста за родовата еднаквост.

9. Состаноци и соработка со Комисиите за одлучување по прекршок од областа на работните односи:

- Организирање на средби за размена на информации за типични прекршувања.
- Поднесување на заеднички препораки за подобрување на процесот на одлучување.
- Вклучување на Комисиите во обуки за работниците за нивните права и обврски.
- Размена на податоци за трендовите во прекршувањето на работничките права.

II. **Правна помош и правно зајакнување -** Овие активности претставуваат интегриран пристап кон зајакнување на работничките права преку обезбедување на бесплатна правна и параправна поддршка, застапување и стратешко делување пред релевантни институции. Тие вклучуваат директна правна помош, поднесување пријави, следење на постапки, теренски активности и едукација на заедницата. Преку овие активности се настојува да се зајакне пристапот до правда за работниците/чките, особено оние кои се најмаргинализирани. Се стимулира самозастапување преку обука и активирање на параправнички од заедницата. Дополнително, се придонесува кон институционални промени преку мониторинг, документирање и застапување засновано на докази. Целта е да се создаде функционален систем на поддршка кој ќе овозможи долгорочна заштита и унапредување на работничките права.

**Специфична цел 1 – обезбедување бесплатна правна помош**

1. Обезбедување правна помош од правен/а советник/чка на Гласен Текстилец:

- Градење на капацитетите на правната служба на Гласен Текстилец
- Отворени денови за правна помош - организирање на редовни термини за консултации со работници/чки.
- Изработка на информативни материјали: Подготовка на брошури и прирачници за работнички права.
- Евиденција на случаи: Водење на база на податоци за пријавени случаи и нивниот статус.

2. Обезбедување правна помош за работници/чки во стратешки судски постапки од адвокати ангажирани од Гласен Текстилец:

- Идентификација на стратешки случаи: Избор на случаи со потенцијал за создавање преседан.
- Ангажирање на адвокати: Склучување договори со адвокати специјализирани во трудово право.
- Финансиска поддршка: Обезбедување средства за покривање на судски трошоци.
- Медиумска покриеност: Информирање на јавноста за текот и значењето на случаите.

3. Мониторинг на судски рочишта за заштита на работничките права:

- Обука на набљудувачи: Тренинг за следење на судски процеси и евидентирање на неправилности.
- Изработка на извештаи: Подготовка на анализи за транспарентноста и правичноста на судските постапки.
- Соработка со институции: Доставување на наоди до релевантни органи за преземање мерки.
- Јавно информирање: Објавување на резултати од мониторингот за подигање на свеста.

4. Иницирање постапки пред Државниот инспекторат за труд:

- Прием на пријави: Создавање на механизам за лесно поднесување на жалби од работници/чки.
- Подготовка на документација: Асистенција во собирање на потребните докази за пријавите.
- Следење на постапките: Континуирано информирање на пријавителите за текот на инспекциите.
- Анализа на резултати: Евидентирање на исходите и идентификација на повторливи прекршувања.

5. Иницирање постапки пред Државниот санитарен и здравствен инспекторат

- Идентификација на здравствени ризици: Собирање информации за несоодветни работни услови.
- Поднесување на пријави: Асистенција во формализирање на жалби до инспекторатот.
- Соработка со инспектори: Организирање на заеднички посети на работни места.
- Едукација на работници/чки: Информирање за здравствени стандарди и права.

6. Иницирање граѓански судски постапки за прекршување на работнички права:

- Правна евалуација: Анализа на случаи за утврдување на основ за тужба.
- Подготовка на тужби: Изработка на правни документи и поднесоци.
- Правно застапување: Обезбедување на адвокатска поддршка во текот на процесот.
- Следење на пресуди: Анализа на исходите и нивното влијание врз работничките права.

7. Поднесување кривични пријави за потешки повреди на права од работен однос:

- Собирање на докази: Интервјуа со сведоци и прибирање на релевантна документација.
- Изработка на пријави: Формализирање на кривични пријави во соработка со правни експерти.
- Соработка со обвинителство: Следење на истрагите и обезбедување дополнителни информации по потреба.
- Јавно информирање: Подигање на свеста за сериозноста на прекршувањата преку медиумски кампањи.

8. Иницирање на постапки пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи:

- Идентификација на дискриминација: Препознавање на случаи на дискриминација, особено на бремени работнички со договори на определено време.
- Подготовка на пријави: Асистенција во составување на жалби до Комисијата.
- Следење на постапките: Континуирано информирање на пријавителите за текот и исходот на постапките.
- Едукација и поддршка: Организирање на работилници за подигање на свеста за родово-базирана дискриминација.

**Специфична цел 2 – обезбедување параправна помош и правно зајакнување за самозастапување**

1. Воспоставување сервис за параправна помош:

- Идентификација на потребите за параправна помош во целните индустрии преку анкети и фокус групи со работници/чки.
- Ангажирање параправнички од заедниците, особено жени работнички со интерес за заштита на работничките права.
- Развој на оперативни процедури и протоколи за функционирање на сервисот, вклучувајќи упатства за постапување со случаи.

2. Обука на параправнички за давање параправна помош:

- Креирање на програма за обука која опфаќа трудово право, комуникациски вештини и етички стандарди.
- Организирање на теоретски и практични обуки за параправничките, вклучувајќи симулации на случаи.

- Поврзување на параправничките со искусни правници за менторство и континуирана поддршка.
- Проценка на ефективноста на обуките и прилагодување според потребите на параправничките.

3. Теренски посети на параправничките за информирање на работници/чки:

- Изработка на распоред за редовни посети на работни места во текстилната, кожарската и чевларската индустрија.
- Организирање на средби со работници/чки за информирање за нивните права и механизмите за заштита.
- Обезбедување на информативни материјали со информации за работничките права.
- Прибирање на мислења и предлози од работници/чки за подобрување на услугите.

4. Документирање случаи на прекршување на работничките права:

- Креирање на база на податоци за евидентирање на случаи на прекршувања.
- Утврдување на процедури за собирање и чување на информации за секој случај.
- Идентификација на трендови и повторливи прекршувања за насочување на застапувачките активности.
- Подготовка на периодични извештаи за интерна употреба и за информирање на релевантни институции.

5. Координативни средби на параправничките со правникот/чката и адвокатите на Гласен Текстилец:

- Организирање на месечни состаноци за размена на информации и координација на активности.
- Дискусија на предизвици и успешни практики во обезбедувањето на параправна помош.
- Заедничко планирање на идни активности и стратегии за застапување.
- Континуирана едукација и ажурирање на знаењата на параправничките.

6. Вклучување на параправничките во процеси на застапување за унапредување на работничките права:

- Собирање на информации од теренот за актуелни проблеми со кои се соочуваат работниците/чките.

- Изработка на предлози за промени во политики и закони базирани на собраните информации.
- Организирање на средби со релевантни институции за презентирање на предлозите.
- Вклучување во кампањи за подигање на свеста за работничките права.

7. Вклучување на параправничките во процеси на меѓународно известување и застапување:

- Едукација на параправничките за механизмите на ООН, ЕК и други меѓународни тела.
- Соработка во изработка на извештаи за состојбата со работничките права.
- Претставување на Гласен Текстилец на меѓународни конференции и форуми.
- Воспоставување на контакти со меѓународни организации за размена на искуства и поддршка.

III. **Промоција на работничките права -** Овие активности се насочени кон јакнење на јавната свест и видливоста на прашањата поврзани со работничките права, преку користење на различни креативни, медиумски и едукативни алатки. Со организирање на настани како Текстилијадата, издавање на весници и стрипови, обуки во училишта и онлајн кампањи, Гласен Текстилец се стреми да го приближи дискурсот за трудовите права до работниците, младите и пошироката јавност. Активностите вклучуваат и соработка со медиуми, подкасти и универзитети, што овозможува креирање и ширење на автентични и ангажирачки содржини. Главната цел е да се охрабрат работниците да го кренат својот глас, да се информираат и да се активираат за подобри услови во работната средина.

**Специфична цел 1 – Гласен Текстилец спроведува промотивни активности**

1. Организирање на Текстилијада:

- Планирање и координација на годишниот настан, вклучувајќи избор на тема и локација.
- Организирање на панели, работилници и културни настани со учество на работници, активисти и институции.
- Вклучување на млади преку конкурси за литература, уметност и музика поврзани со работничките права.

- Промоција на настанот преку медиуми и социјални мрежи за зголемување на видливоста.

2. Издавање на годишен весник:

- Собирање на содржини: интервјуа, анализи и приказни од теренот.
- Дизајн и печатење на весникот со професионален изглед.
- Дистрибуција на весникот во текстилни фабрики, училишта и јавни простори.
- Онлајн објава на весникот за поширока достапност.

3. Издавање на стрип:

- Развој на сценарио кое ги илустрира предизвиците и правата на работниците.
- Соработка со илустратори за визуелна реализација на стрипот.
- Печатење и дистрибуција на стрипот во заедницата и образовните институции.
- Организирање на изложби и дискусии базирани на темите од стрипот.

4. Изработка на промотивен материјал:

- Дизајн на постери, плакати, летоци и брошури со информации за работничките права.
- Изработка на инфографици кои визуелно прикажуваат статистики и права.
- Печатење и дистрибуција на материјалот во фабрики, училишта и јавни простори.
- Онлајн објава на материјалот за поширока достапност.

5. Тренинзи за врснички едукатори во средни училишта:

- Идентификација и избор на ученици заинтересирани за работнички права.
- Организирање на обуки кои ги опфаќаат основите на трудовото право и комуникациски вештини.
- Обезбедување на материјали и ресурси за едукаторите.
- Континуирана поддршка и менторство за едукаторите во нивната работа.

6. Врсничка едукација во средни училишта:

- Организирање на работилници и дискусии водени од врсничките едукатори.
- Интерактивни активности како квизови и игри за подобро разбирање на темите.
- Вклучување на наставниците и родителите во едукативните активности.

- Оценување на ефективноста на едукацијата преку анкети и повратни информации.

7. Соработка со Универзитетот Гоце Делчев Штип:

- Организирање на заеднички настани и предавања за студентите.
- Вклучување на студентите во истражувачки проекти поврзани со работничките права.
- Размена на информации и ресурси помеѓу организацијата и универзитетот.
- Промоција на работничките права во академската заедница.

8. Организирање тематски дискусии и работилници:

- Идентификација на актуелни теми и предизвици со кои се соочуваат работниците.
- Покана на експерти и активисти за учество во дискусиите.
- Фасилитирање на интерактивни сесии за размена на искуства и идеи.
- Документирање на заклучоците и препораките од дискусиите.

9. Средби со работници од рурални и маргинализирани заедници:

- Планирање на теренски посети во рурални области.
- Организирање на информативни сесии за работничките права.
- Собирање на повратни информации и идентификација на специфични потреби.
- Обезбедување на ресурси и поддршка за овие заедници.

10. Развивање на онлајн алатка за пријавување прекршувања:

- Дизајн и развој на лесно достапна и кориснички ориентирана веб-страница.
- Обезбедување на анонимност и безбедност за корисниците.
- Интеграција на систем за следење и обработка на пријавите.
- Промоција на алатката преку социјални мрежи и други канали.

**Специфична цел 2 – Присутност на Гласен Текстилец во традиционалните и нетрадиционалните медиуми**

1. Соработка со националните телевизии
   - Идентификација на релевантни телевизиски канали и емисии за потенцијална соработка.
   - Подготовка на предлози за тематски емисии фокусирани на работничките права.
   - Договарање на термини и формати за емитување на емисиите.
   - Следење и евалуација на гледаноста и влијанието на емисиите.

# ПРОГРАМИ НА ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ 2024-2028

2. Изработка на годишни комуникациски планови за социјални мрежи

- Анализа на досегашната активност и ангажман на платформите: Facebook, Twitter, TikTok, YouTube.
- Планирање на содржини според таргет публика и цели на организацијата.
- Одредување на фреквенција и типови на објави (информативни, едукативни, повици за акција).
- Мониторинг и адаптација на стратегијата според аналитика и повратни информации.

3. Гостувања во подкасти

- Идентификација на релевантни подкасти кои покриваат теми за работнички права и социјална правда.
- Контактирање на водителите со предлози за теми и гости од организацијата.
- Подготовка на говорници за учество во подкастите.
- Споделување на епизодите преку сопствените комуникациски канали.

4. Изготвување соопштенија до јавноста

- Развивање на шаблони за брзо и ефективно изготвување на соопштенија.
- Идентификација на моменти и настани кои бараат јавно обраќање.
- Дистрибуција на соопштенијата до медиуми и објава на веб-страницата и социјалните мрежи.
- Следење на медиумското покривање и реакциите на јавноста.

5. Спроведување онлајн кампањи

- Дефинирање на цели и таргет публика за кампањите.
- Креирање на визуелни и текстуални содржини со јасни пораки.
- Планирање на времетраење и канали за дистрибуција на кампањите.
- Евалуација на резултатите преку метрики како досег, ангажман и повратни информации.

6. Соработка со здруженија на граѓани со медиумски платформи

- Мапирање на здруженија кои поседуваат или управуваат со медиумски платформи.
- Иницирање на партнерства за заедничко креирање и дистрибуција на содржини.
- Организирање на заеднички настани или кампањи.
- Размена на искуства и најдобри практики во областа на комуникацијата.

7. Изработка на едукативни видеа

- Идентификација на теми од интерес за работниците и пошироката јавност.
- Разработка на сценарија и скрипти за видеата.
- Снимање и монтажа на видеата со професионален пристап.
- Дистрибуција на видеата преку YouTube, социјални мрежи и веб-страницата.

8. Организирање прес конференции

- Планирање на теми и поводи за прес конференции.
- Подготовка на говорници и материјали за медиумите.
- Поканување на релевантни медиуми и новинари.
- Следење на медиумското покривање и анализа на влијанието.

IV. **Градење капацитети и одржливост -** Овие активности претставуваат сеопфатен сет на комуникациски и јавни иницијативи со цел зголемување на јавната свест, информираноста и ангажманот за работничките права. Преку организирање на културни настани, медиумска присутност, едукативни алатки и ангажирање на млади, се гради позитивен наратив за трудовите права како основа за социјална правда. Се настојува да се мобилизира јавноста, особено работниците, младите и академската заедница, да се вклучат во промени. Активностите се насочени и кон создавање на нови простори за дијалог, израз и солидарност. Истовремено, се јакне видливоста и кредибилитетот на организацијата како глас на работниците. Преку традиционални и нови медиуми, се шират пораки кои ги охрабруваат работниците да ги препознаат, побараат и заштитат своите права. Со ова се гради активна, информирана и правично ориентирана заедница.

**Специфична цел 1 – Развој на човечки капацитети**

1. Одржување тематски обуки за вработените и членовите

- Идентификација на потребите за обука преку анкети и интервјуа со вработените и членовите.
- Разработка на програми за обука кои опфаќаат теми како трудово право, застапување и комуникациски вештини.
- Ангажирање на експерти и обучувачи со релевантно искуство.
- Организирање на обуките во форма на работилници, семинари или онлајн сесии.

2. Организирање студиски посети за градење на капацитетите

- Планирање на студиски посети во земјата и странство за размена на искуства и добри практики.
- Соработка со партнерски организации за организирање на посетите.
- Подготовка на агенда и цели за секоја посета.
- Евалуација на стекнатите знаења и нивна примена во работата на организацијата.

3. Размена на искуства во рамките на мрежи на организации

- Активно учество во национални и меѓународни мрежи и коалиции.
- Организирање на заеднички настани, конференции и работилници.
- Споделување на успешни практики и предизвици со други организации.
- Развивање на заеднички проекти и иницијативи.

4. Обновување на организациската библиотека

- Идентификација на потребните материјали и ресурси поврзани со работничките права.
- Набавка на книги, прирачници и други релевантни публикации.
- Каталогизација и дигитализација на библиотечниот фонд.
- Обезбедување на пристап до библиотеката за вработените, членовите и заинтересираната јавност.

5. Учество на обуки и тренинзи организирани од партнерски организации

- Следење на понудите за обуки и тренинзи од релевантни организации и институции.
- Пријавување и учество на вработените и членовите на организацијата.
- Споделување на стекнатите знаења и искуства со останатите членови.
- Применување на новите знаења во секојдневната работа на организацијата.

**Специфична цел 2 – Гласен Текстилец е одржлива организација**

1. Изработка на младинска волонтерска програма

- Дефинирање на улогите и одговорностите на младинските волонтери, вклучително и опис на задачите и очекувањата.
- Разработка на програма за обука и ориентација која вклучува теми како работнички права, комуникациски вештини и тимска работа.
- Воспоставување на систем за менторство каде искусни членови на организацијата ќе ги поддржуваат новите волонтери.
- Организирање на редовни состаноци и активности за градење на тимски дух и зајакнување на ангажманот на волонтерите.

2. Изработка на стратегија за собирање средства (fundraising strategy)

- Анализа на тековните извори на финансирање и идентификација на потенцијални нови донатори и спонзори.
- Поставување на јасни и мерливи цели за собирање средства во определен временски период.
- Разработка на план за комуникација кој вклучува приказни за влијанието на организацијата, користење на социјални мрежи и други канали за ангажирање на донатори.
- Воспоставување на програма за редовни донации, како месечни или годишни придонеси од поддржувачите.

3. Спроведување на кампања за собирање средства (fundraising campaign)

- Дефинирање на темата и пораката на кампањата која ќе ги инспирира донаторите да придонесат.
- Креирање на визуелни и текстуални материјали за промоција на кампањата преку различни канали, вклучително и социјални мрежи, е-пошта и настани.
- Организирање на специјални настани или активности за собирање средства, како добротворни вечери, аукции или спортски настани.
- Следење и евалуација на резултатите од кампањата, вклучително и бројот на донатори, собраните средства и достигнатиот досег.

4. Изработка на систем за следење на повици за грантови

- Идентификација на релевантни платформи и извори на информации за повици за грантови, како национални и меѓународни фондации, владини агенции и други донатори.
- Воспоставување на календар за следење на роковите за аплицирање и потребната документација за секој повик.
- Разработка на шаблони и процедури за брзо и ефикасно подготвување на апликации за грантови.
- Обука на тимот за препознавање на соодветни повици и подготовка на конкурентни апликации.

5. Изработка на проектни апликации за грантови

- Разработка на јасни и мерливи цели и активности за секој проект, во согласност со барањата на донаторот.
- Подготовка на детални буџети и временски рамки за имплементација на проектите.

- Собирање на потребната документација, вклучително и писма на поддршка, сертификати и други релевантни документи.
- Преглед и уредување на апликациите за да се осигура јасност, конзистентност и усогласеност со критериумите на донаторот.

6. Соработка со партнерски организации при аплицирање на повици за грантови

- Идентификација на организации со слични цели и вредности за потенцијална соработка.
- Дефинирање на улогите и одговорностите на секој партнер во рамките на заедничките проекти.
- Координација при подготовка на апликациите, вклучително и споделување на информации, ресурси и експертиза.
- Воспоставување на механизми за комуникација и следење на напредокот на заедничките иницијативи.

V. **Родова еднаквост -** Овие активности претставуваат сеопфатен и интегриран пристап за унапредување на родовата еднаквост и справување со родово базираното насилство, особено во работниот контекст и во заедниците со засегнати жени. Преку теренски активности, едукација, застапување, менторство и соработка со институции, работодавачи и граѓански организации, се создава мрежа на поддршка и овозможува ангажман на жените како активни чинители во носењето одлуки. Целта е да се зголеми информираноста, да се зајакнат капацитетите на жените и девојчињата, да се подобри пристапот до правна и психосоцијална помош, и да се поттикне институционална и општествена одговорност за заштита на нивните права.

**Специфична цел 1 - Подигање на свест за родова еднаквост и заштитни механизми за родово базирано насилство**

1. Теренски активности за подигање на свеста за родова еднаквост и спречување на родово базирано насилство

- Организирање на работилници и обуки во различни општини, со фокус на рурални и маргинализирани заедници.
- Разработка и дистрибуција на едукативни материјали (брошури, постери, видеа) за родова еднаквост и спречување на насилство.
- Ангажирање на локални лидери и активисти за промовирање на родова еднаквост во заедниците.

- Спроведување на кампањи за рушење на митовите и стереотипите поврзани со родовите улоги.

2. Вклучување на работничките во процеси на носење политики и закони

- Организирање на форуми и јавни дебати каде работничките можат да ги изразат своите ставови и предлози.
- Обезбедување на обуки за работничките за разбирање на законодавниот процес и нивната улога во него.
- Формализирање на канали за комуникација помеѓу работничките и носителите на одлуки на локално и национално ниво.
- Поддршка на иницијативи за застапување на правата на жените во работната средина.

3. Воведување програми за јакнење на жените и девојчињата

- Разработка на програми за обука за препознавање и пријавување на родово базирана дискриминација и насилство.
- Создавање на менторски програми каде искусни жени ќе ги поддржуваат младите девојки.
- Организирање на кампањи за подигање на свеста за правата на жените и достапните механизми за заштита.
- Обезбедување на психосоцијална поддршка за жени и девојчиња кои се соочуваат со дискриминација или насилство.

4. Давање правна помош во случаи на родово базирано насилство

- Воспоставување на бесплатни правни клиники или соработка со постоечки организации кои нудат правна помош.
- Обезбедување на обуки за правниците за спецификите на родово базираното насилство и соодветните правни механизми.
- Креирање на информативни материјали кои ги објаснуваат правата на жртвите и процесот на пријавување.
- Соработка со институции за брзо и ефикасно постапување по пријавите на родово базирано насилство.

5. Собирање податоци и правење истражувања

- Спроведување на анкети и интервјуа со работнички за идентификување на случаи на дискриминација и насилство.
- Анализа на постоечките податоци и извештаи за родово базирана дискриминација и насилство на работното место.

- Публикување на резултатите од истражувањата и препораки за подобрување на состојбата.
- Соработка со академски институции за спроведување на сеопфатни истражувања.

6. Сензибилизација и подигање на свест кај работодавачи

- Организирање на обуки и семинари за работодавачи за препознавање и спречување на родово базирана дискриминација и насилство.
- Разработка на прирачници и водичи за создавање на безбедна и инклузивна работна средина.
- Промовирање на добри практики и успешни примери на компании кои активно работат на родова еднаквост.
- Воспоставување на механизми за редовно следење и евалуација на политиките за родова еднаквост во компаниите.

7. Соработка со работодавачи за креирање безбедни внатрешни механизми

- Помош во развојот на интерни политики и процедури за пријавување и постапување по случаи на дискриминација и насилство.
- Обезбедување на обуки за вработените за запознавање со овие механизми и нивната важност.
- Создавање на доверливи канали за пријавување и поддршка на жртвите.
- Редовна евалуација и ажурирање на механизмите за да се осигура нивната ефективност.

8. Соработка со граѓански организации кои нудат сервиси за поддршка

- Воспоставување на мрежа на соработка со организации кои нудат психосоцијална и економска поддршка.
- Размена на информации и ресурси за подобрување на услугите за жртвите.
- Организирање на заеднички настани и кампањи за подигање на свеста и информирање на јавноста.
- Обезбедување на континуирана поддршка и следење на случаите преку координирани напори.